СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

**СО 44. седница**
**29.5.2019 година**
**Точка на дневен ред бр.6-1**

# М И С Л Е Њ Е
## за извештаите на извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година

**Битола, мај 2019 година**

**М И С Л Е Њ Е**
**за извештаите на извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година**

„Мур Стивенс“ ДОО Скопје изврши ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за годината што завршува на 31 декември 2018 година, коишто вклучуваат Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за промените на капиталот, Извештај за паричните текови и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Методологијата од Народна банка на Република Северна Македонија и на финансиските извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Ревизијата на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, Методологијата од Народна банка на Република Македонија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

Надзорниот одбор на Банката на својата 6. редовна седница одржана на 27.3.2019 година ги разгледа финансиските извештаи и Извештајот со Мислењето на „Мур Стивенс“ ДОО Скопје и смета дека истиот е сеопфатен и ја прикажува финансиската состојба на Банката.

Надзорниот одбор на Банката оцени дека финансиските извештаи за работењето на Банката во 2018 година се потврдени од страна на „Мур Стивенс“ ДОО Скопје и ги прифаќаат финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори до раководството и акционерите на Стопанска банка а.д. Битола.

Имајќи го предвид изнесеното, Надзорниот одбор на Банката предлага Собранието да ги усвои финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори со Мислењето, изготвен од „Мур Стивенс“ ДОО Скопје, за финансиската состојба на Банката за 2018 година.

НО бр. 02-5836/1/II-3-1-1
Битола, 27.3.2019 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
претседател
г. Ненад Јосифовиќ

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 4